**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 03-487**
**27.12. 2017 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а во врска со член 55 ставови 6 и 7 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-5643/1 од 22.12.2017 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради тоа што пласирањето на производи не е во согласност со членот 55 од истиот Закон, од страна на Радиодифузното трговско друштво „ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ" ДООЕЛ Прилеп, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, заради извршена повреда на член 55 ставови 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а казнива по член 148 став 1 точка 9 и став 2 од истиот Закон, на начин што во реприза од издание на забавното говорно – шоу „На шанк", емитувано на 17 ноември 2017 година, на телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Скопје, има директно поттикнување за купување стоки или услуги, нивно посебно промотивно препорачување, и придавање претерана важност.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5643/1 од 22.12.2017 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, надлежна е да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни

медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка – решение за опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за програмски работи, на 21 декември 2017 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) врз телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, при што беше констатирано дека во реприза од издание на забавното говорно – шоу „На шанк", емитувано на 17 ноември 2017 година, на телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Скопје, има директно поттикнување за купување стоки или услуги, нивно посебно промотивно препорачување, и придавање претерана важност, спротивно на членот 55 ставови 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Имено, во реприза од издание на забавното говорно – шоу „На шанк", емитувано на 17 ноември 2017 година, во периодот од 00:35:55 до 01:17:00 часот, реализирано како разговор со познатата пејачка Кристина Арнаудова, водителката на емисијата директно поттикнуваше купување или изнајмување стоки или услуги, преку нивно посебно промотивно препорачување, односно им придаваше претерана важност на производите и услугите на „Пан принт", „Елит кафе", „Хјундаи Тусон" и „Адора Инженеринг".

Директното поттикнување за користење на пласираните производи и услуги и придавањето на претерана важност произлегуваат од карактеристиките на пласирањето, од просторот одвоен за производите и услугите, од визуелните средства (за „Хјундаи Тусон" и „Адора Инженеринг" се користат и инсерети од рекламен материјал), од јазикот што се користи при реферирање на производите и услугите, како и поради тоа што ваквиот начин на нивно споменување, ниту е целисходен, ниту е оправдан од аспект на уредувачкиот концепт на конкретната програма (разговор со позната пеачка).

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5643/1 од 22.12.2017 година (кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1), во рамките на кој во точка 7 дадена е табела во која се наведени цитати за аргументација на констатираното прекршување на член 55 ставови 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 55 ставови 6 и 7 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5643/1 од 22.12.2017 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе Решение, со кое кон Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, се презема мерка – опомена и со кое на радиодифузерот му наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5643/1 од 22.12.2017 година.

**Доставено до:**
- Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп;
- Управителот на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп;
- Одговорното лице на програмата во Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

| Примено: | 22-12-2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вре... |
| 10 | 5643 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен;

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп;

3. **Период опфатен со надзорот:** 17 ноември 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 21 декември 2017 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);
   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија“ бр.201/14);
   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/15);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);
   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);

- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа).

6. **Претходно изречена мерка:** нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, емитуван на 17 ноември 2017 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 55 ставови 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*став 6 - програмите кои содржат пласирање на производи не смеат директно да поттикнуваат купување или изнајмување стоки или услуги, особено преку нивно посебно промотивно препорачување;* став 7 - *во програмите кои содржат пласирање на производи не смее да му се придава претерана важност (истакнување или упатување) на производот за кој станува збор).*

Имено, во реприза од издание на забавното говорно-шоу „На шанк", емитувано на 17 ноември 2017 година, во периодот од 00:35:55 до 01:17:00 часот, реализирано како разговор со познатата пејачка Кристина Арнаудова, водителката на емисијата директно поттикнуваше купување или изнајмување стоки или услуги, преку нивно посебно промотивно препорачување, односно им придаваше претерана важност на производите и услугите на „Пан принт", „Елит кафе", „Хјундаи Тусон" и „Адора инженеринг".

Директното поттикнување за користење на пласираните производи и услуги и придавањето на претерана важност произлегуваат од карактеристиките на пласирањето, од просторот одвоен за производите и услугите, од визуелните средства (за „Хјундаи Тусон" и „Адора инженеринг" се користат и инсерти од рекламен материјал), од јазикот што се користи при реферирање на производите и услугите, како и поради тоа што ваквиот начин на нивно споменување, ниту е целисходен, ниту е оправдан од аспект на уредувачкиот концепт на конкретната програма (разговор со позната пејачка).

Во табелата подолу се извлечени само неколку цитати за аргументација на прекршувањата.

| Наслов на емисија | Датум на емитување | Период на емитување | |
|---|---|---|---|
| | | Почеток | Крај |
| „На шанк" | 17 ноември 2017 г. | 00:35:55 | 01:17:00 |
| **Опис на прекршувањето** | | | |

Цитати од говорот на водителката:

- *Ја препознавате веќе атмосферата на студиото на „На шанк", уредено и средено од „Пан принт", луѓето кои секогаш знаат да погодат кои се вашите желби и што преферирате. За сè што ви е потребно од промотивен материјал за вашиот бизнис, или едноставно средување по дома со тапети, убаво лесно и едноставно – побарајте ги. (...)*

- *Дружењето секогаш започнува со добро кафенце, а кога мислам на добро кафенце мислам на единственото, најдобро кафе во Македонија, кафе кое е спакувано и можете да го носите секаде со вас, веднаш по првото отворање немате никаков ризик за тоа дека ќе ја изгуби својата арома и својот квалитет, затоа што пакувањето не го дозволува тоа. Кафе кое има подароци и ве изненадува, и кафе кое ве повикува да уживате во друштво на вашите сакани, вашите пријатели и вашето семејство - со кој сакате да си пиете кафенце – со тој;*

- *(...) И можеби не патувавме некаде на дестинација, но дефинитивно до студиото дојдовме со најдобриот автомобил, или новиот Хјундаи Тусон, го гледате на оваа снимка и верувам дека сакате да си го купите, уште веднаш ви доаѓа таа желба и, како да не ви дојде - овие одлични перформанси и совршен дизајн мамат и ве потсетуваме дека напорно работите и заслуживте да купите автомобил. Уште денес закажете средба со моите пријатели за еден тест-драјв и едно разгледување на новиот Хјундаи Тусон, а нормално, цената е неодоливо добра и искористете ја можноста да се подновите;*

- *А ако е време да одлучите каде е вашиот нов дом, слушнете го ова: Размислувате каде во главниот град? На само три минути возење од строгиот центар можете да живеете убаво, спокојно и здраво, во чиста еколошка средина со свеж воздух од падините на Водно, во сопствена парк-шума, на 6.500 метри кавадратни со илјада и двеста зимзелени дрвја, цветен рај и чудесен поглед од кој Скопје се гледа како на дланка. Вкопена во природниот амбиент, со модерно опремени и веднаш вселиви станови со имотен лист, атрактивната резиденцијална вила „Адора" во скопско Црниче нуди идеални услови за урбано, интимно и релаксирано домување надвор од градскиот хаос, со лесно секојдневно функционирање, прошетки во природа, рекреација и одмор, на дофат на срцето на македонската метропола. Тоа беа моите пријатели кои верувам дека ве убедија каде следно треба да го разгледате вашиот нов дом, каде треба да биде односно, закажете си една информативна средба и информирајте се за сè што дополнтелно ве интересира.*

## 8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на <u>членот 55 ставови 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги</u>, во реприза од издание на забавното говорно-шоу „На шанк", емитувано на 17 ноември 2017 година, на телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, има директно поттикнување за купување стоки или услуги, нивно посебно промотивно препорачување, и придавање претерена важност.

9. **Предлог мерка:**

Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***